**Скопје, април, 2024 г.**

# Угоре високо, удоло длабоко: пресек на причините и пукнатините за порозност на пропагандата и лажните вести од надвор во македонскиот медиумски простор

***Работен документ кој ја сумира дискусијата од тркалезната маса одржана на 28.03.2024 година во Клубот на новинари со учество на претставници на медиумските организации, медиумите и граѓанското општество***

## Вовед

Според *Индексот на медиумска писменост за 2023 година*, С. Македонија е рангирана на дното на ранг-листата, сместена во последната петта група со 39 бодови од вкупно 100, а друштво ѝ прават Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Грузија. Имено, С. Македонија е ниско бодувана по однос на сите пет показатели – медиумско орбазование,слобода, доверба и нови облици на вклученост, а особено ниско е бодувана во делот на довербата и учеството на јавноста преку нови облици на комуникација и информирање.[1]

Од друга страна пак, според последниот глобален извештај на *Репортери без граници*, земјата е групирана во таканаречените „задоволителни“ држави со опиплив напредок забележан од 2022 година. Сепак, во заклучокот за земјава се истакнува дека „...иако новинарите не работат во непријателско опкружување, раширените дезинформации и недостатокот на професионализам придонесуваат за опаѓање на довербата на општеството во медиумите, што ги изложува независните медиуми на закани и напади“.[2]

На линија со заклучоците од *Репортери без граници*, македонското граѓанско општество веќе подолго време упатува на тоа дека земјава е прилично порозна кога станува збор за пропаганда и лажни вести од надвор, особено од Русија и Кина. Така, граѓанската асоцијација *МОСТ* минатата година во трудот насловен *„Една година од руската агресија врз Украина“*се вели дека руската пропаганда во земјава е од голем

[1]The Media Literacy Index 2023, достапно на: https://osis.bg/wp-content/uploads/2023/06/MLI-report-in-English-22.06.pdf

[2]2023 World Press Freedom Index – journalism threatened by fake content industry, достапно на: https://rsf.org/en/2023-world-press-freedom-index-journalism-threatened-fake-content-industry

обем, повеќеканална, повторувачка и без објективност, а има за цел оправдување на агресијата во Украина, создавање перцепција дека Западот сака да ја уништи Русија поради нејзиниот православен светоглед, како и привлекување на емоциите на луѓето преку наративот *словенско-православно братство*, создавајќи антизападно расположение. [3]

Предупредувања за изложеноста и продорот на странската пропагнда не стигнуваат само од граѓанското општество. Имено, поранешниот министер за внатрешни работи апелираше дека како што се приближува службениот почеток на изборната кампања, така сé повеќе ќе се шири продорот на лажните вести кои доаѓаат од надворешни фактори и центри на моќ, нешто што го потврдија и неколку странски амбасадори во С. Македонија. Инаку, во последниот редовен кваратлен извештај на фондацијата *Метаморфозис* за периодот октомври-декември 2023 година, Фондацијата констатира дека во дадениот период се забележува*намалување на ширењето на дезинформации во врска со војната во Украина, но наместо тоа, се забележува поместување на медиумското внимание кон израелско-палестинската војна. Случувањата во Појасот Газа и неговата територија привлекоа поголем фокус, што резултираше со изработка на лажни слики, видеа и објави со различни наративи и чувства*.[4]

Во контекст на надворешните влијанија, не треба да се заборави и на укажувањата за продор и источно од Москва, односно од Кина. Имено, во неколку наврати во јавната дебата се нагласи дека „кинеската репутација е претежно позитивна, особено во поглед на нејзината економија, култура, научен и технолошки развој, а поради перцепираниот недостаток на информации, особено веродостојни, објективни и аналитички содржини од македонските медиуми, се чини дека е тешко за пошироката јавност да создаде информирано мислење“.Познавачите сметаат дека колумните и статии од кинескиот амбасадор во избрани печатени и онлајн медиуми и портали, тематски емисии за Кина на неколку телевизии, како и сеприсутноста на Кина на социјалните медиуми е на „тенок мраз“ и можеби има за цел да го амортизира притисокот кој доаѓа од западниот свет околу состојбата во оваа земја во поглед на почитувањето на човековите права, владеењето на правото, фер трговските практики и сл. [5]

Имајќи го сето ова предвид, а во насока на унапредување на состојбата во земјава околу медиумската писменост, вештините на новинарите да препознаат странска

---

[3]насловен *„Една година од руската агресија врз Украина“*, достапно на: https://drive.google.com/file/d/1UB50sbyYdguQLTr24-UNkdelzxuN8mFj/view

[4]Регионален медиа мониторинг извештај “Дезинформациски трендови и наративи во Западен Балкан„ за период октомври – декември 2023, достапно на: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2024/02/media-monitoring-october-december-2023.pdf.pdf

[5] Разбирање на алатките, наративите и влијанието на кинеската „мека моќ“ во Северна Македонија, достпано на: тука

пропагадна и воопшто да се понудат издржани вести и информации за поширoката јавност, здружението ЕСТИМА започна со спроведување на проектот *„Спротивставување на странска пропаганда и дезинформациите преку јакнење на капацитетот на медиумите и новинарите“,* кој е финансиски потпомогнат од амбасадата на САД во земјава.Проектот има за цел поддршка на медиумите и новинарите во откривањето на начините и техниките кои се користат за ширење дезинформации од странски извори, заштита на македонскиот медиумски простор од авторитарна странска пропаганда, како и известување врз основа на проверени и сигурни содржини кои може да им помогнат на граѓаните да изградат веродостојно мислење преку пласирање проверени вести и детектирање сомнителни точки и нивно разобличување.

Оттука, во периодот јануари-март над 40 новинари од различни медиуми (портали, новински агенции, весници, радио, ТВ и сл.) се обучија за начините за препознавање странска пропаганда, а во синергија и поделени по групи изработија и четири истражувачки стории кои се обидуваат да ја дадат поинаква светлина на евентуалните обиди за странски влијанија во македонскиот медиумски простор и разобличување на можните мотиви и цели на истото. Овој работен документ претставува сиже на гореспоменатите новинарски стории, како и на мислењата, ставовите и гледиштата изнесени на тркалезната маса организирана во месец март на која присуствуваа видни експерти и познавачи од оваа област, а во својство на новинари, аналитичари, истражувачи и професори. Документот има за цел да понуди опфатен приказ за постојната состојба со порозноста во земјава на странска пропаганда и лажни наративи, но и да упати на кртичните точки, како и да понуди препораки за зајакнување на одбранбениот механизам и навремено разобличување на дезинформациите.

**Од „праведноста“ на војната во Украина, до „криза“ во снабдувањето со храна**

Сите четири колаборативни новинарски производи споменати погоре опфаќаат различна тематика и аналитички ракурс, а се јавно достапни на неколку портали и медиму, препознаени во јавноста како веродостојни и на страната на фактите. Имено, новинарската сторија под наслов *„Од Левица преку Родина до ГРОМ и МААК: кои се мегафоните на Москва во земјава?“*нуди осврт наштетното руско влијание забележано помеѓу водечките медиуми и влијателни политички партии во регионот, како икај неколку домашни политички субјекти кои отворено се залагаат против членството на земјава во ЕУ и во НАТО и приклонување кон Русија, нејзините сојузи и национални ставови. Преку прецизен пресек од средби, јавно изнесени ставови и политички дејствија, новинарите-потписници на оваа сторија јавно укажуваат на опасноста од создавање анти-западно расположение кое носи ризик од отргнување на С. Македонија од патот на евроатлантските интеграции и продлабочување на внатрешните општествени поделби.

За разлика од нив, група новинари во сторијата под наслов *„Во морето дезинформации, македонските војници се испраќаа на руско-украинскиот фронт, а украинските бегалци станаа глобална закана“*, укажуваат на порозноста на македонскиот медиумски простор околу известувањето за војната во Украина, како и наводни донации од страна на македонското Министерство за одбрана во форма на борбени авиони, испраќање македонски војници на боиштата во Украина, како и од „опасноста“ по македонската еконмија и безбедност од „стампедото“украински беглаци кои впрочем никогаш не ја достигнаа бројката за која некои медиуми известуваа(т). Новинарите предупредуваат дека ваквите наративи имаат за цел дефокус од она што навистина се случува во Украина, но и претставуваат тивки напори за оправдање на руската агресија.

Третата група новинари во сторијата *„Храната како оружје на Кремљ за ширење дезинформации во Северна Македонија“*пишуваа околу напорите на руските информативни центри да пласираат десинформации за наводната опасност од свесно уништување на традиционалното производство на храна во регионот на Западен Балкан, вклучително и С. Македонија, наводната политика на ЕУ за пласирање храна штетна по здравјето на луѓето преку употреба на вештачки ѓубрива, пестициди, хормони, конзерванси и адитиви, а сé со цел создавање недоверба за храната што се произведува и јаде на европскиот континент.

Последната група новинари пак во сторијата под наслов *„Тик-ток, моќна алатка на пропагандата на Кремљ за  радикализираните наративи и дезинформации за руската агресија врз Украина“*се осврнаа на новите техники за пласирање дезинформација, увид во соработката меѓу Русија и Кина на ова поле, пред сé преку неколку социјални мрежи како што се Тик-Ток каде засилено се шират лажни вести за војната во Украина, пласираќи ставови на линија со официјална Москва. Сторијата се осврнува на големата продорност на лажни видеа на оваа платформа кои допираат до пошироката јавност, како и од потребата за етикетирање/означување на службените сметки на официјални лица на Тик-ток и платформите налик на него, а во насока на унпредување на борбата против пропагандата и лажните вести.

**Предизвици и пречки за слободен и кредибилен медиумски простор**

Во рамки на вториот дел на тркалезната маса се направи пресек на она што значи причини и последици од неиздржаното информирање, ширење лажни вести, странската пропагнада и непримерни уредувачките политики. Главните понети и пораки од дискусијата се систематизирани подолу во три категории фактори/причини кои влијаат врз порозноста на општеството и информацискиот простор: општествено–политички, економско-социјални и уредувачко-организациски услови во кои работат новинарите, а се важен фактор за навремено, професионално и издржано известување. Дополнително, документот нуди и завршни одредби кои беа нагласени како препораки и следни чекори

кои треба да се преземат во насока на спречување на странската пропаганда, навремено постапување, како и унапредување на општата медиумска писменост во С. Македонија.

*Политичко–општествени околности и трендови*

Она што е заедничко од дискусијата е тоа дека сите говорници, но и учесници во расправата се согласија дека е пристутно странското влијание и пропагандни наративи во земјава, особено од Русија, Србија и Кина. Според присутните, ова претставува закана по безбедноста на земјата, ја поткопува довербата во инстититуциите, создава омраза, но и поттикнува насилствопомеѓу Македонците и помалите етнички заедници, но и интраетничкијазови во самите заедници по неколку основи (најчесто партиска / идеолошка). Според учесниците на тркалезната маса, изложеноста на странска пропаганда и лажни вести во земјава не е скорешен тренд, туку сеприсутна појава уште од 2008 година, т.е. пред и по самитот на НАТО во Букурешт кога земјава беше спречена да стане членка на алијансата од страна на Грција поради тогаш нерешениот спор за името.

Со ефект на снежна топка, оркестрирано и организарано, странското влијание и лажните вести се нижат и во периодот кој следи – низата предвремени избори пред 2015 година, политичката криза 2015-2017, периодот пред и по потпишувањето на Преспанскиот договор, периодот кој ги опфаќа преговорите со Бугарија и францускиот предлог за одблокирање на преговорите со ЕУ, а познавачите се уверени дека истиот ќе се интензивира и во периодот кој следи, односно двојните избори оваа пролет. Според граѓанските активисти кои ја следат состојбата со слободата на изразувањето и медиумското опкружување, штетните и смислени наративи во земјава најчесто се шират преку едноставно преземање на статии, колумни и вести со изразена анти-западна содржина. Според нив, порталите се најистурени во овие активности, а неретко се поддржани и од дел од политичкиот спектар, односно партии кои отворено делат слични ставови (Левица, Гром, Родина, Единствена Македонија итн.). Потоа, според граѓанските активисти, „на сцена“ настапуваат т.н. ботови на друштвените мрежи, корисниците со лажни профили и други кои усогласено, интензивно и целно ги шират низ интернет просторот. За претставниците од граѓанското општество, Русија е предводник во пласирањето лажни вести во земјава. Продорноста на вестите од Москва е прилично голема, а како пример за такви лажни вести ја наведуваат веста за наводни 30 македонски државјани кои загинале во Украина и 90 наши сограѓани кои се присутни на украиснките боишта во форма на платеници.

> *„Многу од медиумите кои го пласираа ова кај нас го презедоа некритички, без да ја проверат информацијата со некоја од надлежните државни институции. Просто не можете да објавитевест само од едната страна, без да ја прашате другата страна. Треба дадете поширок контекст, да проверите дали информацијата е точна*

*и дали имате друг независен извор освен Кремљ кој би ја потврдил оваа информција.“*

Според граѓанските активисти,целта на вестите кои доаѓаат од Моска е да се „оправда“ војната во Русија, да се создадат морални сојузници и поддржувачи на руската агресија во Украина, но и да се зајакнат анти-НАТО чувставата во земјава во насока на тоа дека Русија е помоќна од алијансата и е непобедлива. Додаваат и дека делумно успехот е постигнат, уптаувајќи на тоа дека дел од истражувањата на јавното мислења покажуваат дека 35% од граѓаните мислат дека е покорисно сојузништво со голема словенска и православна сила како Русија, а 42% од испитаниците сметаат дека воведувањето санкции против Русија не е добра одлука.

Слични ставови беа искажани и од академската фела. Според нив, балканскиот регион уште повеќе ќе станува мета на хибридни напади, пред сѐ од Русија, како и од Србија, но далеку поумерено. Целта според нив би била разгорување на меѓуетничките односи, но и ширење недоверба во институциналниот капацитет не само на земјава, туку и пошироко, што би резултирало со апатичност и фрустрација. Додаваат и дека дијалогот Србија-Косово, ќе биде искоритен за влијание и кај нас, како и ситуацијата во БиХ и она што ќе се случува со намерите на водството на Република Српска за наводно отцепување. Универзитетските професори исто така детектираат и неколку алатки преку кои руското влијание се врши во земјава и пошироко:

- обиди за финансирање помали политички партии за што јавното обвинителство треба да биде будно и да реагира по допрен глас;
- енерегетската зависност од руски енергенски;
- градење спреги помеѓу центрите за информирање од Москва и сомнителни инфомративни портали во земјава;
- културни и информативни настани кои имаат за цел јакнење на свеста кај граѓаните за големината и значењето на Русија и руската култура, кои би го надминале општо прифатениот и признат статус и значење на руската култура и книжевност и би преминале во оправдување на руската агресија и величање на режимот на Путин:
- јакнење на верските чувства на македонскиот и рускиот народ, пред сѐ во поглед на значењето и влијанието на Руската православна црква (РПЦ).

Според професорите, примери има за сите од горенаведените алатки – истражувачки стории кои упатуваат на прилив на странски пари во некои македонски партиски сметки;руски олигарси кои се приступни во земјава, особено влијателни во нафтениот сектор; приредби и манифестации во основни училишта преку кои под превезот на учењето на рускиот јазик се јакнат чувствата кај помладите генрации за величината и силата на Руската федерација (вклучително и на некои државни факултети);

информативни портали со нејасна сопственичка и уредувачка политика кои прокламираат руски ставови во врска со војната во Украина, но и за наводната потреба од репозиционирање на стратешките определби на С. Македонија, упатувајќи кон поблиски односи со Москва) и др.

Сепак за нив, најсимптоматично е влијанието кое доаѓа преку РПЦ. Имено, преку блискоста што ја остваруваат дел од владиците од македонскиот синод со некои руски свештеници, присуството на руски емисари од РПЦ во насока на оформување на ставот на МПЦ околу афтокефалноста на Украинската православна црква, како и заобиколувањето на Веселенската патријашија во насока на конечно добивање на томосот се примери за тоа како влијанието на РПЦ може да резултира со последици  по однос на позиционирањето на МПЦ, а тоа пак повлекува и влијание врз позицијата на земјава во гео-политичка смисла. За научната фела, проблем претставува и јасното присуство на српски телевизии со изразена анти-западна уредувачка политика и нескриени про-руски ставови, што пак упатува на тоа дека се работи за спрега со двојна намера – ширење на руското влијание, но истовремено и јакнење на српските позиции во македонксото општество по низа прашања која ја засегаат Србија.

За време на дискусијата, присутните ја посочија и Кина. Според дел од новинарите, влијанието на Кина  е забележливо, но не е толку видливо бидејќи е помалку агресивно споредено со руската прогаганда. Имено, кинескиот продор е посуптилен и има за цел да ја претстави кинеската држава икултура како пријателска земја, а  се разликува од руското влијание по тоа што не енепосредно насочено кон создавање кризи и нарушување на безбедноста. Новинарите додаваат и дека има примери заорганизирани настани и патувања во Кина за претходно определени новинарски имиња, со што се создаваат персонални конекции, кои пак потоа овозможуваат пласирање исклучиво позитивни вести поврзани со највлијателната азиска држава.

Во текот на дискусијата исто така стана збор за некритичкото преземање содржини од кинеските во македонските медиуми, како и за пласирање очигледно про-кинески содржини за кои не е наведено дали се платени или нарачани, создавајќи простор за прикриено, но директно влијание врз формулирање на мислењето кај читателите и гледачите на тие медиуми. Беше истакнато дека медиумите имаат обврска да означат содржини кои се платени или нарачани, но во пракса постојат многу начини да се заобиколи таа обврска, како на пример финансирањето да се обезбеди индиректно, преку комерцијални канали, а не за конкретната содржина. Притоа, органите за саморегулација не можат да постапуваат доколку до нив не е покрената конкретна претставка. Сепак, како основен предизвик за разбирањето и адресирањето на кинеските влијанија врз информацискиот простор беше истакнато ниското ниво на познавања за тоа

како Кина пристапува кон оваа задача, односно фактот дека таквите кинески напори најчесто не се препознаваат од страна на релевантните чинители.

*Личниот и уредувачки интегритет – филтер без кој не се може?*

Во услови кога друштвените мрежи го преседоа приматот на средства за информирање, новинарите полека ја губат улогата на известувачи, па така голем дел од времето го трошат на „гаснење пожар“ поттикнат токму од она што се нуди и чита на мрежите. Според медиумските работници, ова е плодна почва за ширење бројни и различни лажни вести, дури и од тривијална природа како што се оние кои „информираат“ дека кога ќе станеме членка на ЕУ„нема да можеме да правиме ајвар во дворовите, а криви краставици нема да може да се извезуваат“. Според новинарите, една од причините за ова е личниот (дискутабилен) интегритет на самите новинари, но и уредничкиот интегритет, вклучувајќи ја сета редакција (доколку ја има). Продорот на лажните вести и пропагнада најмногу е забалежителен во онлајн просторот, кај поедничени портали кои немаат дефинирана сопственост, немаат импресум, ниту пак јасна организацска структура, туку се само создадени за ширење дезинформации.

Според искуствата на новинарите, зад нив најчесто стои еден човек или неколкумина, финансирани  од странските или домашни центри на моќ. Имено, со популарноста на друштвените мрежи, центрите на моќ вложуваат далеку помал напор споредено со минатото кога мораа да бараат канали да се стигне до одреден новинар, па дури и да вршат закани и да се потплатува. Дека новинарскиот и уредувачкиот интегритет е прилично сериозен проблем, особено кај онлајн медиумите говорат и статистичките податоци од Советот за етика. Согласно резултатите, во 2023 година, од 132 жалби за неетичко информирање, 110 се однесуваат на онлајн медиумите. Според претставниците од Советот, тоа значи дека преку 37% се однесуваат на прекршување од Член 1 од Кодексот на новинарите кој прдвидува:

> *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Ова упатува на тоа дека прекршувањата во најголем дел се сторени намерно и свесно, што пак покажува на тоа дека саморегулацијата не е на ниво кое треба да го има. Напори има, како што е порталот www.promedia.mk кој има за цел на едно место да ги прикаже порталите кои гиисполнуваат задолжителните критериуми на СЕММ да бидат

дел од регистарот на професионални онлајн медиуми, но очигледно треба уште работа.Од Советот нагласуваат дека ова е предизвик кој трае, дотолку повеќе што се наоѓа во сфера која е исклучиво тешка за контролирање, а тоа е интернет просторот. Имено, брзината и анонимноста кои ги обезбедува интернетот значи дека кампањите за дезинформации се попродорни во споредба со традиционалните медиуми, па оттука тешко е да се пркоси на истите. Од Советот уште и додаваат дека С.Македонија, како и многу други земји, плови во сложени води кога станува збор за странската пропаганда и поради тоа што таа е меѓу медиумски најнеписмените нации во Европа, што пак ја отежнува работата и нè прави квалитетна почва за ширење на лажни вести, неретко со партии и организирани тимови (на локално и државно ниво), како клучни алки во целиот процес.

*Социо-економските услови на новинарите: колку пари - толку музика?*

Присутните на тркалезаната маса се освнраа и на еден мошне важен сегмент и фактор, а тоа е социјално-економската состојба во која работат новинарите и медиумските работници. Имено, според нив благосостојбата на оваа категорија работници истовремено може да биде и брана, но и процеп преку кој што може да се влијае врз она што се пласира во јавниот дискурс, гласилата и интернет просторот. Имено, за да може новинарите да го задржат својот интегритет и професионалност, но и да се шири кругот од професионалци и да имаат улога на бранители и вистински известувачи, истите треба постојано да бидат економски и социјално јакнати и подржнувани, но за жал трендот во земјава е во спротивна насока, уверуваат од новинарскиот синдикат (ССНМ).

Мотивацијата за работа е ниска, па оттука очекувано е да се јават т.н. процепи кои ги користат странските центри на моќ низ кои пак тече пропагандата и дезинформациите. Претставници од ССНМ се осврнаа на податоците од едно скорешно, но обемно истражување. Имено, биле опфатени 1,694 новинарски позиции од кои 1,039 редовно вработени во медиумската дејност. Наодите покажале дека од вкупниот број испитаници, 25,2 %отапаѓаат на медиумски работници во онлајн медиумите. Од 681 испитаници кои работат во интернет медиумите, само 39,1% се редновно вработени. Состојбата е уште пострашна во медиумските куќи од внатрешноста. Од попишаните 139 новинарски работни позиции од 32 локални и регионални ТВ станици, 61% се хонорарни позиции, а редовно се вработени само 54 новинари. Илустративната пресметка е поразителна и загрижувачка - секоја локална или регионална ТВ станица вработува во просек 1.69 новинар/ка, т.е. работи со помалку од двајца новинари, но фактичката состојба не е таква, а товарот паѓа на хонорарците за кои пак не се плаќаат никакви придонеси за здравстено, пензиско и социјално осигурување. Ништо поразлична не е состојбата и со радијата. Помеѓу62 опфатени локални и регионални радија, редовно се вработенисамо 65 новинари, или во просек 1,5 новинари по радио. И тука според ССНМ хонорарците се

оние врз кои паѓа најголем товар од работните задолженија, а за сметка на тоа добиваат само паричен надоместок, без платени придонеси и лишени од осигурување.

Од ССНМ уверуваат дека истражувањето дава загрижувачка слика и за самиот износ кој го примаат новинарите. Според нив, околу половина од новинарите имаат плата чиј износ е под просечената плата пресметана за периодот мај-јуни 2023 година. Од таму сметаат и дека за да се постигне вистински напредок во овој поглед, мора да се зборува гласно, особено кај големите медиумски куќи кои истовремено треба да покажат пример за останатите помали, но и за оние од внатрешноста дека новинарскиот труд е платен и ценет.

**Заклучоци и препораки**

Тркалезната маса заврши со плодна дискусија, во која се нагласија неколку важни чекори кои треба да се преземат како од страна на надлежните институции, така и од страна на граѓанското општество, но пред сé од самите медиумски куќи и новинари, особено од поголемите ТВ станици:

- Сеопшт и сеопштествен пристап во борбата против дезинформациите и странските влијанија, со видлив ангажман од страна на надлежните институции, особено од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Удвојување на напорите на наставниот кадар од основните и средните училишта во насока на зголемување на медиумската писменост помеѓу помладите, а во блиска соработка со граѓанското општество;
- Унапредување на работничките и социјалните права, вклучително и економско-социјалната положба на новинарите со цел јакнење на нивната егизтенцијална благосостојба, која пак е тесно поврзана со обезбедување личен и професионален интегритет;
- Пронаоѓање соодветни механизми и начини за саморегулација на интернет-порталите во соработка со професионалните здруженија, како што се ЗНМ и Советот за етика;
- Јакнење на организацискиот интегитет кај медиумите преку признавање на грешките и објавување на корекциите на видни места, како основен стандард во градењето доверба;
- Измените и дополнувањето на законската рамка за слобода во изразувањето и известувањето со цел создавање рамонтежа меѓу заштитата од дезинформации и зачувуање на основните човекови права и слободата на изразување, преку доследно следење на најдобрите практики од ЕУ;

- Понатамошна поддршка и јакнење на довербата во јавниот сервис, со цел негово издигнување на ниво на веродостоен показател за состојбата во поглед на медиумската слобода и изразување ;